СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

Република Северна Македонија
Министерство за труд и социјална политика

UN WOMEN

Советодавни услуги за администрацијата на Северна Македонија на централно ниво за интегрирање на родовата перспектива - Инструмент за родова еднаквост (ГЕФ)

Факти за проектот

Пристапот на Инструментот за родова еднаквост (ГЕФ) е осмислен да осигури дека во земјите кандидати за членство во ЕУ се работи на прашањата поврзани со родова еднаквост при процесот на пристапување. Ова најдобро се постигнува со вклучување на законодавството на ЕУ за родова еднаквост во националните документи преку програмирање и финансирање на Инструментот за претпристапна помош (ИПА). Воведувањето на родовата перспектива е стратегија која подразбира нејзина интеграција при подготовката, дизајнирањето, спроведувањето, следењето и евалуацијата на политиките, регулаторните мерки и буџетските програми, со цел да се промовира еднаквост меѓу жените и мажите и да се спречи дискриминација. Воведувањето на родовата перспектива гарантира дека политиките и законите се со повисок квалитет, а политиките поефикасно одговараат на потребите на сите граѓани – жени и мажи, девојчиња и момчиња. Со вклучувањето на родовите аспекти во главните политики, јавните интервенции се поефективни, со што се спречува нееднаквоста понатаму да се засилува.

Прилагодено од: Европски институт за родова еднаквост

Наслов на проектот и главни партнери:

„Советодавни услуги за администрацијата на Северна Македонија на централно ниво за интегрирање на родовата перспектива“

Проектот е осмислен во тесна соработка со **Секретаријатот за европски прашања (СЕП)** и во консултација со **Министерство за труд и социјална политика (МТСП) / Сектор за еднакви можности**

Времетраење: 2021 – 2022 (24 месеци)

Извор на финансирање:
Шведска

Контакт:
Програмска канцеларија на UN Women во Северна Македонија
Бул. ВМРО 7/10, 1000 Скопје
Тел: +389 2 3109 307/8
info.mk@unwomen.org

За проектот

Општата цел на проектот е да ја поддржи Владата на Северна Македонија во транспонирањето на законодавството на ЕУ за родова еднаквост како дел од агендата за пристапување во ЕУ. Терминот „Законодавството на ЕУ за родова еднаквост“ се однесува на сите релевантни одредби од Спогодбата за ЕУ, како и законодавството и судската пракса на Судот на правдата на Европската унија кои се однесуваат на родовата еднаквост. Проектот исто така е насочен кон постигнување резултати за родова еднаквост во согласност со Агендата 2030 и Целите за одржлив развој, особено ЦОР 5: Да се постигне родова еднаквост и да се зајакнат сите жени и девојки.

Проектот работи со Секретаријатот за европски прашања и со националната родова машинерија на централно ниво за зголемување на долгорочните капацитети и вештини на клучните вработени кои работат на европска интеграција и родова еднаквост, така што целите за родова еднаквост сè повеќе се одразени во процесите на планирање и носење национални политики.

На среден до долг рок, проектот има за цел да обезбеди спроведување на законодавството, на политиките и стандардите за родова еднаквост преку овозможување дијалог на стратешко ниво, обезбедување техничка експертиза и насоки, споделување добри практики и преку стратешки партнерства и соработка.

Gender Equality Facility
North Macedonia

Sweden
Sverige

Дополнителни партнери и корисници на проектот

Покрај СЕП и МТСП како главни проектни партнери и корисници, за конкретни компоненти проектот ќе соработува и со Делегацијата на ЕУ, Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија (МАКСТАТ), граѓанското општество/женските организации (ГО) и со Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА).

Генерално, жените, мажите, девојчињата и момчињата во Северна Македонија, како и обесправените групи меѓу нив, ќе имаат корист од трансформативната реформа во управувањето и обезбедувањето услуги со запазување на родовата еднаквост.

Пристап на проектот

Обезбедена е експертска поддршка за интеграција на аспектите за родова еднаквост во секторскиот дијалог, за ревидирање на политиките, програмите за закрепнување од КОВИД-19 и за тековните реформи, вклучувајќи ги и програмите и активностите на ИПА финансирани од ЕУ, Годишната програма за работа на Владата и стратешкото планирање на ресорните министерства. Проектните активности се насочени кон постигнување на два главни очекувани резултати:

Резултат 1: СЕП, одделенијата за ИПА, секторските работни групи и избраните тела за одлучување и координативните структури кои работат на пристапувањето во ЕУ имаат знаења и вештини за вклучување на родовата перспектива во програмирањето, спроведувањето, известувањето, следењето и евалуацијата на програмите на ИПА. Ова се постигнува преку:

- Подготовка на производи на знаење за вклучување на родовите аспекти во главните политики;
- Развој на капацитети за вклучување на родовите аспекти во главните политики во ИПА;
- Поддршка за раководните, оперативните и човечките ресурси на СЕП за вклучување на родовите аспекти во главните политики;
- Технички придонес, повратни информации и коментари за документите за планирање и програмирање на ИПА на ЕУ;
- Насоки за вклучување на родовата перспектива во приоритетните реформски области и во релевантните поглавја на ЕУ доставени до избраните тела за одлучување и координативни структури кои работат на пристапувањето во ЕУ.

Резултат 2: Националните родови механизми (Одделот за еднакви можности и координаторите за еднакви можности/лицата за контакт за родови прашања) имаат административни капацитети воведување на родовата перспектива во процесите на планирање поврзани со Националната програма за усвојување на правото (НПАА) како и спроведување на законодавството и политиките на ЕУ за родова еднаквост, во согласност со регулативите на ЕУ и меѓународните обврски. Ова се постигнува преку:

- Развој на капацитети за планирање на НПАА;
- Техничка поддршка на Националниот статистички систем за подобрен мониторинг на родовите индикатори;
- Развој на капацитетите на ГО и женските НВО за вклучување на родовите аспекти во главните политики во согласност со законодавството на ЕУ за родова еднаквост;
- Вмрежување и трансфер на знаења и добри практики за вклучување на родовата перспектива при пристапување на регионот во ЕУ;
- Информирање на пошироката јавност за поврзаноста меѓу родовата еднаквост, развојот и пристапувањето во ЕУ.